## *Извадок од речта што Ирена Стефоска ја одржа на промоцијата на електронското списание Систасис во декември 2002 година*

„(...) Без претензии можам да кажам дека *Систасис* за мене е свеж воздух, налик на оној што влегува со проветрување на дом зафатен од различни непријатни миризби, или уште повеќе како оној пријатен повев што освежува во оморина. Токму така ми изгледа *Систасис* кога говориме за класичното образование во Република Македонија кое треба да биде основен темел во образованието на *граѓанинот* во смисла во која уште старите Грци го сковале овој поим.

Атинската демократија познавала два термина кои означувале два типа на односи на поединецот кон државата: едниот бил πολίτης – граѓанин, а другиот бил πατριώτης – земјак. Граѓаниот, независно од ситуацијата во која се наоѓал успевал да ги задржи својствата што го чинат еден граѓанин, со еден збор успевал да биде свој, на земја, на море, во зандана и сл. Патритот-земјакот себе си се остварувал само и исклучиво на земјата на која ѝ припаѓал и надвор од неа не значел ништо.

Граѓанинот се раѓа од протест. Во овој контекст појавата на *Систасис* е протест против апатијата, безнадежноста и сивилото на денешното живеење и творење во Македонија. *Систасис* е гласот кој повикува и покажува дека секоја благородна и убава иницијатива која ја покренуваат група на исто или сличномисленици, независно од контекстот, која се прави со срце, знаење и упорност може да успее и тогаш кога сите, речиси сите работи, секоја акција, секое делување, изгубиле смисла.

*Систасис* е афирмација на професионалниот и човечкиот ангажман на група луѓе кои решиле да протестираат во име на класичното образование, кое, за жал, сиве овие години како да останува на маргините на образовниот систем во Република Македонија.

Името на списанието ме потикна да кажам и една метафора. Колку што ми е познато идејата за списанието е родена на пролет кога излегуваат и првите пролетни цвеќиња. А, старите Грци верувале дека во овие пролетни цвеќињата се сместени душите на мртвите и дека оние што заминале од овој свет, се всушност, секогаш одново и одново тука покрај нас. Старите народи, а и ние денес, со цвеќињата ги красиме домовите, ги носиме на подарок, на веселби, ги испраќаме покојниците на оној свет. И затоа, длабоко верувам дека токму преку *Систасис* излегува и нè поздравува основоположникот на класичната филологија во Македонија, оној кој целиот свој живот му го беше посветил во приближување на еден одамна исчезнат свет, светот на Антиката, оној кој воспитувал и образувал граѓани, и во чија чест за големото научно откритите ова списание се вика *Систасис*, академик Михаил Петрушевски.

Како завет на сите оние коишто работеле и твореле во доменот на класичните студии и класичното образование во Република Македонија, уверена сум дека нивните наследници на Институтот за класични студии при Филозофскиот Факултет и, пред сè, членовите на друштвото *Антика* ќе продолжат да протестираат и со нивниот целокупен ангажман, како во истражувачката така и во образовната дејност, ќе

придонесат Антиката на овие простори да не биде само ехо туку многу повеќе глас кој се шири и стасува секаде каде што постои подготвеност да биде чуен и восприемен.“